Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АКЦИЗИТЕ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 28 март 2003 година.

Бр. 07-1430/1
28 март 2003 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Никола Поповски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АКЦИЗИТЕ**

Член 1

Во Законот за акцизите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/2001, 50/2001, 52/2001, 45/2002 и 98/2002), во членот 32 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

"(3) Минералните масла се ослободени од акциза при нивниот увоз, доколку се употребуваат за реализирање на проекти финансирани со парични средства на странски донатори, врз основа на договори меѓу Владата на Република Македонија и странски донатори, во кои стои клаузула дека донираните средства не можат да се користат за плаќање на даноци."

Член 2

Во членот 7-б став 1 од Законот за акцизите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 78/93, 70/94, 14/95, 42/95, 71/96, 5/97, 36/97, 7/98, 63/98, 39/99, 43/99, 9/2000, 25/2000, 11/2001 и 93/2001), во точката 8 на крајот од реченицата сврзникот "и" се заменува со точка и запирка.

Во точката 9 на крајот од реченицата точката се заменува со сврзникот "и" и се додава нова точка 10, која гласи:

"10) кога патничките автомобили се употребуваат за реализирање на проекти, финансирани со парични средства на странски донатори врз основа на договори меѓу Владата на Република Македонија и странски донатори, во кои стои клаузула дека донираните средства не можат да се користат за плаќање на даноци."

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".